# ЗАКОН ЗА АДВОКАТУРАТА[1]

## (Пречистен текст)

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој закон се уредува обезбедувањето правна помош од страна на адвокатурата на физички и правни лица во остварувањето и заштитата на нивните права и врз закон заснованите интереси во постапката пред судовите, државните органи, други правни лица, органите на единиците на локалната самоуправа, вршењето на адвокатската дејност утврдени со овој и друг закон, како и организацијата на адвокатурата, условите за вршење и престанок и мирување на адвокатска дејност и правата и обврските на адвокатите како и осигурување на адвокатите од одговорност од штета.

### Член 2

(1) Адвокатурата е самостојна и независна јавна служба која обезбедува и дава правна помош, согласно овој и друг закон.

(2) Адвокатите вршат јавни овластувања во согласност со овој и други закони.

(3) При остварувањето на адвокатската дејност, адвокатот се раководи исклучиво од интересите на странката кои ги заштитува на најдобар начин со законски средства.

### Член 3

Правната помош се состои во давање на правни совети, застапување во водење преговори и вршење услуги од областа на деловен протокол, составување на исправи за правни дела, составување на договори за основање, партнерство, соработка и слични акти во врска со основањето или работењето на деловните субјекти, составување на поднесоци во судски и други постапки, застапување на странките пред судовите, државните органи органите на единиците на локалната самоуправа и други правни и физички лица, одбрана на осомничени и обвинети лица и вршење на други работи на правна помош.

---

**[1] Овој закон е објавен во „Службен весник на Република Македонија“ број 59 од 23 јули 2002 година.**

**Измени и дополнувања на законот објавени се во „Службен весник на Република Македонија“ број 60 од 15.05.2006 година, број 29 од 09.03.2007 година, број 106 од 27 август 2008 година, број 135 од 03.10.2011 година и број 113 од 12.09.2012 година.**

**Со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр. 134/2002 година од 22 јануари 2003 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 10 од 18 февруари 2003 година укинати се дел од став 1 во членот 2, ставовите 1 и 2 од член 4 делови од став 1 на член 6 и 16, ставот 3 од член 34, став 5 од член 35 и членовите 38, 42 и 43.**

**Со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.173/2002 од 7 мај 2003 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 34 од 19 мај 2003 година, укинат е дел од член 14 од законот, ставот 2 од член 21 и точка 4 од став 2 на член 23.**

**Со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.31/2007 од 09.01.2008 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 8 укинат е член 12-а став 4 и член 12-б.**

**Со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.87/08 од 04.02.2009 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 20/09 укинат е член 23 став 2 точка 5 во делот „правосилно е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци или“.**

**Со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.163/08 од 16.09.2008 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 117/09 укинат е член 5 од измените и дополнувањата на законот објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 106/08 (член 33-а од законот).**

**Одлуките на Уставниот суд на Република Македонија, измените и дополнувањата на законот се внесени во овој пречистен текст.**

**Член 3-а**

(1) Државните органи, органите на единиците на локалната самоуправа, како и правните и физичките лица кои имаат јавни овластувања, должни се на адвокатот во рок од осум дена да му ги дадат податоците и документите потребни во вршењето на адвокатската дејност во конкретен предмет, освен ако тоа не е во спротивност со должноста за чување на тајна согласно со закон.

(2) Адвокатските книги и предмети, досиеја, податоците во електронска форма и други средства на комуникација се неприкосновени и не подлежат на преглед, копирање, проверка и одземање, освен во случаи предвидени со закон.

(3) Комуникацијата меѓу адвокатите, како и меѓу адвокатот и неговата странка, независно на кој начин се остварува, не подлежи на преглед, копирање, проверка или одземање и не може да биде искористена како доказен материјал во постапките што се водат пред судовите и другите државни органи, согласно со закон."

**Член 4**

(1) Јавните овластувања се состојат во вршење на правните работи:

(2) Во вршењето јавни овластувања адвокатот остварува службени контакти и соработка со судовите, органите за внатрешни работи, други државни органи и организации или други институции кои вршат јавни овластувања и правни лица во текот на целото работно време.

## II. ВРШЕЊЕ НА АДВОКАТСКАТА ДЕЈНОСТ

### 1. Услови за вршење на адвокатската дејност

**Член 5**

Самостојноста и независноста на адвокатурата како јавна служба се остварува со слободно и независно вршење на адвокатската дејност, слободен избор на адвокатот, организирање на адвокатите во Адвокатска комора и нејзино финансирање, автономно донесување на акти за работа на Адвокатската комора на Република Македонија и нејзините органи и запишување и бришење од Именикот на адвокатите, Именикот на адвокатските друштва, Именикот на странските адвокати, Именикот на странските адвокатски друштва,Именикот на адвокатските стручни соработници, Именикот на адвокатските приправници и донесување на Кодекс на адвокатската етика.

**Член 6**

(1) Адвокатската дејност ја вршат адвокати кои положиле заклетва и се запишале во именикот на Адвокатската комора на Република Македонија.

(2) Адвокатите ја вршат адвокатската дејност како адвокати поединци и адвокати здружени во адвокатско друштво.

(3) Адвокатите поединци се запишуваат во Именикот на адвокатите, а адвокатските друштва се запишуваат во Именикот на адвокатските друштва, коишто се водат во Адвокатската комора на Република Македонија.

**Член 7**

(1) Адвокатот поединец ја извршува адвокатската дејност поединечно.

(2) Адвокатот може да вработува други адвокати, адвокатски стручни соработници, адвокатски приправници и работници за вршење административни и помошни работи на начин и под услови определени со закон.

**Член 8**

(1) Двајца или повеќе адвокати можат да основаат адвокатско друштво.

(2) Адвокатското друштво врши адвокатска дејност како адвокат поединец.

(3) Адвокатско друштво се основа со одлука за основање.

(4) Во адвокатско друштво основано од двајца адвокати можат да пристапат и други адвокати како основачи.

(5) Адвокатското друштво се запишува во Именик на адвокатски друштва којшто се води во Адвокатската комора на Република Македонија со што се стекнува со статус на правно лице согласно со овој закон.

**Член 9**

(1) Седиштето на канцеларијата на адвокатот поединец го определува адвокатот, а на адвокатското друштво адвокатот основач на адвокатското друштво, по слободен избор.

(2) За секоја промена на седиштето на канцеларијата на адвокатот поединец и адвокатското друштво, адвокатот, односно спогодбено адвокатите основачи се должни да ја известат Адвокатската комора на Република Македонија.

(3) Канцеларијата на адвокатот поединец и адвокатското друштво мораат да исполнуваат минимално хигиенско–технички услови за квалитетно давање правна помош, утврдени со општ акт на Адвокатската комора на Република Македонија.

**Член 10**

(1) Правото на вршење адвокатска дејност согласно со овој закон се стекнува со упис во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија.

(2) По уписот во Именикот на адвокати на Адвокатската комора на Република Македонија на упишаниот адвокат му се издава лиценца за работа.

(3) Содржината и постапката за издавање и одземање на лиценцата за работа се уредуваат со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија.

**Член 11**

(1) Пред да се запише во Именикот на адвокатите кандидатот дава свечена изјава која гласи: „ Се колнам дека должноста адвокат ќе ја вршам совесно, ќе се придржувам на Уставот, законите, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот, Статутот на Комората, Кодексот на адвокатската етика и дека со сите свои постапки ќе внимавам на угледот на адвокатурата како јавна служба.

(2) Адвокатите се должни да носат тога во постапувањето пред судот.

(4) Изгледот на тогата со акт ја определува Адвокатската комора на Република Македонија.

(5) Актот за изгледот и условите под кои се носи адвокатската тога од ставовите (2) и (3) на овој член го донесува Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија.

**Член 12**

(1) Во Именикот на адвокатите може да се запише лице, кое ги исполнува општите услови за засновање на работен однос во органите на државната управа, кое ужива углед и

е достојно за вршење на адвокатската дејност и да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Македонија или да е државјанин на држава земја членка на Европската унија;

- да е деловно способно;

- има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома од правен факултет од странство;

- активно да го зборува македонскиот јазик;

- да има положено правосуден испит во Република Македонија;

- да не е правосилно осуден на казна, забрана на вршење дејност, професија или должност, за време на траење на таа казна;

- да не е во работен однос и

- да не врши работи кои се неспојливи со адвокатурата.

### Член 12-а [2]

### Член 12-б

### Член 13

(1) По барање за упис во Именикот на адвокатите и Именикот на адвокатските друштва решава надлежен орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, на начин и под услови определени со овој закон.

(2) Надлежниот орган од ставот (1) на овој член, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за упис во Именикот на адвокатите и Именикот на адвокатските друштва на Адвокатската комора на Република Македонија, во рамките на предвидените рокови за прием во актите на Адвокатската комора на Република Македонија, донесува решение со кое врши упис или го одбива барањето за упис во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија.

(3) Доколку надлежниот орган со решение не изврши упис во Именикот на адвокатите и Именикот на адвокатските друштва, односно не донесе решение за одбивање на барањето за упис во рокот од ставот (2) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на Адвокатската комора на Република Македонија, за донесување на решение по поднесеното барање, односно да изврши упис во Именикот на адвокатите.

(4) Формата и содржината на барањето од ставовите (1) и (3) на овој член ги пропишува министерот за правда.

(5) Кон барањето од ставот (3) на овој член подносителот доставува и копија од барањето од ставот (1) на овој член.

(6) Надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (3) на овој член до писарницата на Адвокатската комора на Република Македонија да донесе решение со кое барањето за упис во Именикот на адвокатите и Именикот на адвокатските друштва е уважено или одбиено.

(7) Доколку надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија,

---

[2] **Членот 12-а е бришан со Законот за изменување и дополнување на законот за адвокатурата објавен во„Службен весник на Република Македонија" бр.106 од 27 август 2008 година.**

определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, не донесе решение во рокот од ставот (6) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(8) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (7) на овој член да изврши надзор во Адвокатската комора на Република Македонија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(9) Инспекторот од Државниот управен испекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(10) Доколку надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, не одлучи во рокот од ставот (9) на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Доколку надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (10) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(12) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (9) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(13) Директорот на државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (12) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (8) и (9) и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (10) и (11) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во Адвокатската комора на Република Македонија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(15) Во случајот од ставот (14) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(16) Во случаите од ставот (15) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(17) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (13) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител, во рок од осум работни дена.

(18) Доколку надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(19) Постапката пред Управниот суд е итна.

(20) По жалбата против решението со кое се врши прием или се одбива барањето за упис во Именикот на адвокатите и Именикот на адвокатските друштва решава надлежен орган на Комората определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија во рок од 15 дена од приемот на решението.

(21) Против конечното решение на Адвокатската комора на Република Македонија може да се поведе управен спор, пред надлежен суд определен со закон.

**Член 14**

(1) Адвокати од други држави можат да даваат правна помош и да вршат адвокатска дејност на територијата на Република Македонија под услови на реципроцитет.

(2) При утврдувањето на условите за реципроцитет надлежните органи задолжително прибавуваат мислење од Адвокатската комора на Република Македонија.

(3) Условите, начинот и постапката под кои адвокатите од други држави можат да даваат правна помош и да ја вршат адвокатската дејност, се уредуваат со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија.

## 2. Права и должности на адвокатите

**Член 15**

(1) Адвокатот е слободен, самостоен и независен во својата работа и во рамките на законот, актите на Комората и овластувањето самостојно одлучува за начинот на застапување на правата и интересите на странката.

(2) Адвокатот е должен редовно да уплаќа коморска членарина на Адвокатската комора на Република Македонија од денот на упис во Именикот на адвокатите.

(3) Адвокатот има обврска постојано стручно да се усовршува за време на траењето на адвокатската дејност преку задолжителна обука, семинари, работилници и друго.

**Член 16**

(1) Овластувањата за давање правна помош адвокатот поединец и адвокатите здружени во адвокатско друштво ги добиваат со полномошно издадено од странката.

(2) Адвокатот има право, овластувањата што му ги дала странката, да ги пренесе врз друг адвокат или да овласти друг адвокат за преземање само на одделни процесни дејствија во постапката.

**Член 17**

(1) Правната помош на странката адвокатот ја дава совесно и стручно, согласно со закон, Кодексот на адвокатската етика и другите акти на Комората и како тајна го чува она што му го доверила странката.

(2) Давањето правна помош, може да се одбие или откаже од причини утврдени со закон, Кодексот на адвокатската етика и другите акти на Комората.

(3) Правна помош не може да се даде кога по истата правна работа тој или друг адвокат од неговата канцеларија или адвокатското друштво давал правна помош на спротивната странка, или по истата правна работа постапувал како судија, јавен обвинител, јавен правобранител, односно како државен службеник во друг орган на државна управа или институција.

(4) При составување на двострани правни работи, договори и друго адвокатот е должен совесно да ги штити интересите на договорните странки без разлика која од нив побарала правна помош и која странка ја плаќа наградата. Ако меѓу странките настане спор во врска со договорот составен од адвокат, тогаш тој не може да учествува како полномошник на ниту една странка.

**Член 18**

(1) Адвокатот става свој потпис и печат на секоја исправа или поднесок составен во неговата канцеларија.

(2) Формата, големината и содржината на печатот на адвокатот, од став 1 на овој член, се утврдуваат со статутот на Адвокатската комора на Република Македонија.

(3) На секој поднесок или исправа составена во адвокатска канцеларија, адвокатот е должен да стави штембил на адвокати, односно штембил на адвокатско друштво, адвокатска маркичка, издадена од надлежен државен орган, предвидена со посебен закон и коморска маркичка утврдена со акт на Адвокатската комора на Република Македонија и издадена од Адвокатската комора на Република Македонија.

(4) При застапување пред суд и други органи адвокатот е должен на судот да му предаде соодветна адвокатска и коморска маркичка за тоа застапување."

**Член 19**

Адвокатот има право на награда и надоместок на трошоците за извршената работа во вршењето на адвокатската дејност според Тарифата за наградата и надоместок на трошоците за работа на адвокатите.

**Член 20**

Адвокатот не може да врши јавна функција или професија и друга јавна служба.

**Член 21**

(1) Адвокатот не може да биде повикан на одговорност за искажано мислење при давањето правна помош и вршењето на јавни овластувања.

(2) Адвокатот не може да биде лишен од слобода ниту притворен за кривично дело сторено во вршењето на адвокатската дејност без претходна согласност од Адвокатската комора на Република Македонија.

(3) Претресување на канцеларија на адвокат поединец и адвокатско друштво може да се врши само во присуство на адвокатот и овластен претставник на Адвокатската комора на Република Македонија.

(4) Претресување на канцеларија на адвокат поединец и адвокатско друштво може да се врши само во однос на писмената изречно наведени во решението за претрес донесено од надлежен судија во кривична постапка, а овластените службени лица немаат пристап до другите пишани материјали, списи, предмети и архивата.

**Член 22**

Во канцеларија на адвокат поединец и адвокатско друштво како простор за вршење на дејност од јавен интерес не е допуштено лишување од слобода ниту да се преземаат посебни истражни мерки, ниту истражни дејствија на странка која се обратила за правна помош.

## 3. Престанок и мирување на правото на вршење адвокатска дејност

**Член 23**

(1) Правото на вршење адвокатска дејност престанува под услови и во постапка утврдени со овој закон.

(2) Правото на вршење адвокатска дејност на адвокатот му престанува ако:

1) се откаже од правото на вршење адвокатска дејност;

2) трајно ја загуби способноста за вршење на адвокатската дејност;

3) заснова работен однос;[3]

4) го изгуби државјанството на Република Македонија;

5) биде лишен од деловна способност или трајно ја загуби способноста за вршење адвокатска дејност;

6) правосилно е осуден за кривично дело за безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или ако му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење адвокатска дејност;[4]

6) не врши уплата на коморска членарина и

7) му е одземена лиценцата за работа.

8) не се осигура од одговорност за штета нанесена на странката.

(3) Против одлуката за престанок на правото на вршење адвокатска дејност од ставот (1) на овој член е дозволена жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на одлуката до надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија.

(4) Против конечната одлука на Адвокатската комора на Република Македонија може да се поведе управен спор пред надлежен суд определен со закон.

**Член 24**

(1) На адвокат избран или именуван на јавна функција, вршењето на адвокатската дејност му мирува до престанувањето на функцијата.

(2) На барање на адвокатот вршењето на адвокатската дејност може да му мирува:

1) поради болест;

2) негово отсуство, односно отсуство на брачниот другар кога се упатени на работа во странство од страна на Република Македонија;

3) стручно усовршување и

4) засновање на работен однос.

---

[3] **Точката 3 од член 23 став (2) е бришана со Законот за изменување и дополнување на Законот за адвокатурата објавен во „Службен весник на Република Македонија" број 106 од 27 август 2008 година.**

[4] **Со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.87/08 од 04.02.2009 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 20/09 укинат е член 23 став 2 точка 5 во делот „правосилно е осуден за кривично дело на безусловна казна затвор од најмалку 6 месеци или“.**

(3) Начинот и постапката за одобрување на мирување од ставот (2) на овој член се регулира со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија.

## 4. Адвокатски приправници и адвокатски стручни соработници

### Член 25

(1) Во Именикот на адвокатските приправници може да се запише државјанин на Република Македонија кој ги исполнува општите услови за засновање работен однос во органите на државната управа и кој има стекнато универзитетска диплома за дипломиран правник во Република Македонија со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или со стекнати 300 кредити според Европскиот кредит - трансфер систем (ЕКТС) или нострифицирана диплома од правен факултет од странство.

(2) Во Именикот на адвокатските стручни соработници може да се запише лице кое покрај условите од ставот (1) на овој член има положено правосуден испит.

### Член 26

(1) Адвокатскиот приправник стручно се оспособува за самостојно вршење на адвокатската дејност и работите на правната помош и јавните овластувања ги врши според упатствата на адвокатот.

(2) Адвокатскиот приправник стекнува право да полага правосуден испит согласно со Законот за правосудниот испит.

### Член 27

Адвокатскиот приправник може стручно да се оспособува заради стекнување услови за полагање на правосуден испит и самостојно вршење на адвокатската дејност и без засновање на работен однос.

### Член 28

Адвокатскиот приправник по положувањето на правосуден испит може да работи во својство на адвокатски стручен соработник.

### Член 29

Адвокатскиот стручен соработник и адвокатскиот приправник вршат определени работи од адвокатската дејност што ќе им ги довери адвокатот и од негово име.

## 5. Одговорност за повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата

### Член 30

(1) Адвокатите се одговорни за стручно и совесно вршење на адвокатската должност и за чување на угледот на адвокатурата.

(2) Како потешка повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата, особено се смета неизвршување или очигледно несовесно вршење на работите на правна помош и вршење на јавни овластувања, непостапување по овластувањето и непреземањето дејствија што адвокатот е должен да ги преземе во заштита на правата и интересите на странката и повредување на должноста на чување тајна.

(3) Со акт на Адвокатската комора на Република Македонија поблиску се утврдуваат повредите на вршење на адвокатската должност и угледот на адвокатурата.

### Член 31

(1) За повреда на должноста или угледот на адвокатурата, на адвокатот можат да му се изречат дисциплински мерки: јавна опомена, парична казна во висина до десетократен износ на годишната коморска членарина и привремено престанување на правото на вршење адвокатска дејност во траење до една година.

(2) На адвокатот против кого е поведена постапка за утврдување на одговорност за повреда на должноста или угледот на адвокатурата, може привремено да му се забрани вршење на адвокатската дејност додека трае дисциплинската постапка, но не подолго од 30 дена.

(3) Начинот и постапката за привремена забрана на вршење на адвокатската дејност се определуваат со акт на Адвокатската комора на Република Македонија.

### Член 32

(1) Против решението за изречена дисциплинска мерка и против решението за привремена забрана на вршењето на адвокатската дејност, во рок од осум дена од приемот на решението може да се изјави жалба до надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија.

(2) Против конечното решение за изречената дисциплинска мерка може да се поведе управен спор пред надлежен суд определен со закон.

## 6. Адвокатска комора

### Член 33

(1) Адвокатите во Република Македонија се организираат во Адвокатската комора на Република Македонија.

(2) Со статутот на Адвокатската комора на Република Македонија, а во согласност со закон можат да се предвидат и други облици на организирање на адвокатите.

(3) Адвокатската комора на Република Македонија има својство на правно лице.

### Член 33 - а[5]

**[5] Со Одлука на Уставниот суд на РМ, У.бр.163/08 од 16.09.2008 година објавена во „Службен весник на Република Македонија“ број 117/09 укинат е член 5 од измените и дополнувањата на законот објавени во „Службен весник на Република Македонија“ број 106/08 (член 33-а од законот)**

(1) Органи на Адвокатската комора на Република Македонија се Собрание, претседател, Управен одбор, Наздорен одбор, Дискциплински обвинител, Дисциплински суд, Жалбен совет и други органи основани од страна на Собранието на Адвокатската комора на Република Македонија.

(2) Највисок орган на Адвокатската комора на Република Македонија е Собранието, во кое членуваат сите адвокати запишани во именикот на адвокати.

(3) Претседателот на Адвокатската комора на Република Македонија се избира од страна на Собранието со мандат од две години.

(4) Претседателот на Адвокатската комора на Република Македонија учествува во работата на Управниот одбор без право на глас.

**Член 34**

(1) Адвокатската комора на Република Македонија во својата работа е самостојна и независна.

(2) Адвокатската комора на Република Македонија:

1) решава за стекнување и престанок на правото на вршење адвокатска дејност и упис и бришење во Именикот на адвокатите, Именикот на странските адвокати; Именикот на странските адвокатски друштва, Именикот на адвокатските стручни соработници и Именикот на адвокатските приправници;

2) врши упис и бришење во Именикот на адвокатските друштва;

3) решава за одговорноста за повреда на адвокатската должност и угледот на адвокатурата;

4) решава за привремена забрана на вршење адвокатска дејност;

5) донесува Тарифа за награда и надоместок на трошоците на адвокатите;

6) донесува акти на Комората;

7) донесува Кодекс на адвокатската етика;

8) се грижи за стручно оспособување и усовршување на адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници, и

9) дава мислење за реципроцитет на барање на надлежен државен орган.

10) изготвува листа на дежурни адвокати согласно со Законот за кривичната постапка.

(3) Адвокатската комора на Република Македонија соработува со адвокатски комори на други држави и други адвокатски меѓународни организации.

**Член 35**

Адвокатската комора на Република Македонија се финансира од:

1) коморска членарина;

2) коморски уписен влог;

3) подароци и фондации;

4) закупнина;

5) коморска маркичка;

6) други приходи во согласност со закон.

**Член 36**

(1) Висината на коморскиот уписен влог и на коморската членарина, ги утврдува со одлука Управниот одбор на Адвокатската комора на Република Македонија, и ги објавува во „Службен весник на Република Македонија".

(2) Висината на коморскиот уписен влог не може да изнесува повеќе од две просечни нето плати исплатени во Република Македонија во месецот пред донесувањето на одлуката од ставот (1) на овој член, според податоците на Државниот завод за статистика.

**Член 37**

Со Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија се уредуваат, особено: делокругот, организацијата и работата на органите на Комората; начинот и постапката за упис во Именикот на адвокатите; Именикот на адвокатските друштва; Именикот на странските адвокати; Именикот на странските адвокатски друштва; Именикот на адвокатските стручни соработници и Именикот на адвокатските приправници; органите што ја водат дисциплинската постапка и нивната надлежност и постапката за изрекување дисциплински мерки; актите и постапката за нивно донесување; водење на Именикот на адвокатите; Именикот на адвокатските друштва, Именикот на странските адвокати, Именикот на странските адвокатски друштва; Именикот на адвокатските стручни соработници и Именикот на адвокатските приправници и правата и должностите на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници, како и одредбите за осигурување на адвокатите од одговорност за штета.

## 7. Осигурување од одговорност

**Член 37-а**

(1) Адвокатот е должен да се осигура од одговорноста за штета која би ја сторил на трети лица со намера при вршење на адвокатската дејност. Договорот за осигурување од одговорност за адвокатите - членови на адвокатското друштво и за адвокатите кои работат во тоа друштво, го склучува друштвото.

(2) Најнискиот износ на осигурување за кој адвокатот што е запишан во Именикот на адвокатите е должен да склучи договор за осигурување, изнесува 10.000 евра во денарска противвредност.

(3) Адвокатите, основачи на адвокатско друштво, подлежат на поединечно осигурување од одговорност за штета во износ утврден во ставот (2) на овој член, а најнискиот износ на осигурување на кој адвокатското друштво е должно да склучи договор за осигурување ододговорност за штета изнесува 50.000 евра во денарска противвредност.

(4) Адвокатите пред започнување со вршењето на адвокатската дејност што ќе се запишат во Именикот на адвокатите се должни да достават доказ за осигурување од одговорност за штета, согласно со ставот (1) на овој член.

(5) Со условите за осигурување може да се предвиди дека штетата до одреден износ ја надоместува адвокатот лично.

(6) Ако дојде до измена на условите за осигурување, адвокатот е должен, откако ќе прими известување од Комората за тоа, без одложување да го усогласи своето осигурување со изменетите услови.

(7) Адвокатот е должен уредно да го продолжува осигурувањето од одговорност.

(8) Комората може да го преземе осигурувањето од одговорност на сите адвокати во Република Македонија. Во тој случај адвокатите се должни на Комората да и плаќаат надоместок за осигурување од одговорност.

(9) Повредата на обврските за осигурување од одговорност, односно плаќањето на надоместок на Комората за осигурувањето е тешка повреда на адвокатската должност.

(10) Осигурувателите се должни да го склучат договорот за осигурување од одговорност со адвокатот кој ќе им се обрати, или со Комората.

(11) Условите за осигурување заеднички ги утврдуваат осигурителните друштва во Република Македонија во договор со Комората, освен во случај кога Комората го врши осигурувањето на адвокатите. Осигурителните друштва се должни за секоја следна година да определат осигурително друштво кое ќе ги застапува. Ако истите не постапат така најдоцна до крајот на октомври во тековната година, за нивен застапник ќе се смета осигурителното друштво кое ќе го определи Комората. Одлуката на Комората за тоа не е управен акт.

(12) Ќе се смета дека адвокатот склучил договор за осигурување кога поднел барање за осигурување, без оглед на тоа дали во тоа време веќе бил постигнат договор од ставот (11) на овој член.

(13) Ако адвокатот штетата ја направил на трето лице намерно или од грубо невнимание, осигурителното друштво кое ја надоместило штетата на третото лице има право на регрес спрема адвокатот, односно адвокатското друштво.

## Глава II -а Странски адвокати и адвокатски друштва

### Член 37-б

(1) Обезбедувањето на давање на правна помош и вршење на адвокатска дејност на територијата на Република Македонија на адвокатите и адвокатските друштва од земјите членки на Европската унија, кои според прописите на матичната држава земја членка на Европската унија го стекнале правото за вршење на адвокатска дејност (во натамошниот текст: странски адвокати и адвокатски друштва), се врши согласно со овој закон.

2) Под матична држава, во смисла на овој закон, се подразбира државата земја членка на Европската унија во која странскиот адвокат или странското адвокатско друштво го стекнале правото да вршат адвокатска дејност како професија.

### Член 37-в

(1) Странски адвокати и адвокатски друштва можат трајно да вршат адвокатска дејност на територијата на Република Македонија под релевантна професионална титула на државата во која го стекнале правото на вршење адвокатска дејност по уписот во Именикот на странски адвокати и Именикот на странските адвокатски друштва на Адвокатската комора на Република Македонија.

(2) Релевантната професионална титула на странскиот адвокат и адвокатското друштво, мора да биде изразена на службениот јазик или на еден од службените јазици на неговата земја членка, на начин што се разликува од професионалната титула на земјата членка домаќин, со назначување на професионалната организација која им дала дозвола за вршење на адвокатска дејност во матичната држава и надлежниот орган во кој се запишани во својата матична држава.

(3) Странските адвокати кои се запишани во Именикот на странските адвокати, можат адвокатската дејност да ја вршат како адвокатско друштво под називот на занимањето во својата матична држава, а можат да го користат и називот на адвокатското друштво во кое се членови во својата матична држава или во некоја друга држава земја членка на Европската унија.

(4) Странскиот адвокат кон барањето за упис во Именикот на странските адвокати мора да приложи потврда за државјанство на земјата членка на Европската унија, доказ за осигурување од професионална одговорност за штета, доказ од соодветен орган или професионална организација дека стекнал право да врши адвокатска дејност во својата матична држава, како и доказ за членство во адвокатско здружение во матичната или во некоја друга држава земја членка на Европската унија.

(5) Странскиот адвокат кој е запишан во Именикот на странските адвокати се ослободува во целост или делумно од осигурување за одговорност за штета од членот 37-а од овој закон, ако поднесе доказ дека во матичната држава во целост или делумно е

осигуран во иста вредност од одговорност за штета, односно доколку такво осигурување е еднакво според условите и степенот на покривање.

(6) Исполнетоста на условите од ставот (4) на овој член се докажува со потврда издадена според прописите на матичната држава на странскиот адвокат во заверен превод на македонски јазик, која не смее да биде постара од три месеци.

(7) За уписот во имениците од ставот (1) на овој член Адвокатската комора на Република Македонија ја известува професионалната организација во матичната држава на странскиот адвокат и странското адвокатско друштво која им дала дозвола за вршење на адвокатска дејност во матичната држава и надлежниот орган во кој се запишани во својата матична држава.

(8) Странскиот адвокат или странското адвокатско друштво кој е запишан во имениците од ставот (1) на овој член, може да врши поединечни работи во рамките на вршење на адвокатската дејност, односно да дава совети за правото на својата матична држава, за правото на Европската унија, за меѓународното право и за правото на Република Македонија.

(9) Странскиот адвокат од ставот (1) на овој член не може да биде избран во органите на Адвокатската комора на Република Македонија, ниту да има адвокатски приправник.

(10) Странскиот адвокат кој е запишан во Именикот на странските адвокати, се претставува пред Адвокатската комора на Република Македонија преку слободно избран адвокат запишан во Именикот на адвокатите, при што има право само да гласа за избор на адвокат во органите на Адвокатската комора на Република Македонија.

(11) При вршење на адвокатска дејност, странскиот адвокат кој е запишан во Именикот на странските адвокати, е должен да ги почитува правилата од Кодексот за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија.

(12) Странскиот адвокат кој е запишан во Именикот на странските адвокати може да биде вработен кај адвокат или адвокатско друштво во Република Македонија.

(13) Странскиот адвокат кој не е запишан во Именикот на странските адвокати може да врши поединечни работи во рамките на вршење на адвокатската дејност, односно да дава совети за правото на својата матична држава, за правото на Европската унија, за меѓународното право и за правото на Република Македонија.

(14) Странскиот адвокат кој има намера да ги врши работите од ставот (13) на овој член, е должен за тоа по писмен пат да ја извести Адвокатската комора на Република Македонија и да ги приложи доказите од ставот (4) на овој член, при што може да биде ослободен во целост или делумно од осигурување од членот 37-а од овој закон, ако во матичната држава во целост или делумно е осигуран во иста вредност од одговорност за штета, односно доколку таквото осигурување е еднакво според условите и степенот на покривање.

(15) Во известувањето од ставот (14) на овој член мора да се наведе адресата или да се определи полномошник за примање на писмена во Република Македонија.

(16) Врз основа на известувањето и доказите од ставовите (14) и (15) на овој член, Адвокатската комора на Република Македонија му издава потврда на странскиот адвокат дека може да ги врши работите од ставот (13) на овој член и ја известува професионалната организација во матичната држава на странскиот адвокат која му дала дозвола за вршење на адвокатска дејност во неговата матична држава и надлежниот орган во кој е запишан во својата матична држава.

(17) При вршење на работите од ставот (13) на овој член и членот 37-г од овој закон, странскиот адвокат е должен да ги почитува правилата од Кодексот за професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија.

(18) При вршење на работите од ставот (13) на овој член странскиот адвокат кој не

е запишан во Именикот на странските адвокати, мора да го користи називот од својата матична држава земја членка на Европската унија изразен на службениот јазик или на еден од службените јазици на матичната држава со назначување на професионалната организација која му дала дозвола за вршење на адвокатска дејност во матичната држава и надлежниот орган во кој е запишан во својата матична држава.

**Член 37- г**

Странските адвокати и адвокатски друштва, од членот 37-в на овој закон, можат да ги застапуваат клиентите и да ги бранат нивните права и интереси пред правосудните органи, управните органи и служби, само со адвокат или адвокатско друштво на Република Македонија.

**Член 37-д**

(1) По уписот во Именикот на странски адвокати на Адвокатската комора на Република Македонија, странскиот адвокат и по три години континуирано и ефективно вршење на адвокатската дејност или по положување на правосудниот испит на Република Македонија, може да побара да биде запишан во Именикот на адвокати на Адвокатската комора на Република Македонија.

(2) Странскиот адвокат кој е запишан во Именикот на адвокатите има право да ја користи релевантната професионална титула на својата земја изразена на службениот јазик или на еден од службените јазици на неговата земја членка, заедно со називот адвокат.

**Член 37 -ѓ**

(1) Странскиот адвокат за да биде запишан во Именикот на адвокати на Адвокатската комора на Република Македонија, треба да поднесе барање и да приложи:

- доказ за стекнати адвокатски права во неговата земја членка и

- документ со кој се потврдува дека кандидатот го положил правосудниот испит на Република Македонија или документ со кој се потврдува тригодишното континуирано и ефективно вршење на дејноста како адвокат на територијата на Република Македонија, и тоа со доказ за бројот и природата на предметите во кои постапувал според законодавството на Република Македонија.

(2) Потребните документи, странскиот адвокат и адвокатското друштво ги доставуваат до Комисијата за упис и бришење на адвокати и адвокатски друштва на Адвокатската комора на Република Македонија во постапка согласно со одредбите од овој закон.

(3) Во решението на Комисијата за упис и бришење на адвокати и адвокатски друштва на Адвокатската комора на Република Македонија со кое се одбива упис или се одлучува за бришење од Именикот од ставот (1) на овој член, во согласност со овој закон, Статутот на Адвокатската комора на Република Македонија и Кодексот на професионалната етика на адвокатите, адвокатските стручни соработници и адвокатските приправници на Адвокатската комора на Република Македонија, мора да се наведат причините за неговото донесување.

(4) Комисијата за упис и бришење на адвокати и адвокатски друштва на Адвокатската комора на Република Македонија, во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на барањето за упис во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија донесува решение со кое врши упис во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија.

(5) Доколку Комисијата за упис и бришење на адвокати и адвокатски друштва на Адвокатската комора на Република Македонија со решение не изврши упис во Именикот на адвокатите, односно не донесе решение за одбивање на барањето за упис во рокот од ставот (4) на овој член, подносителот на барањето има право во рок од три работни дена од истекот на тој рок да поднесе барање до писарницата на надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора

на Република Македонија, за донесување на решение по поднесеното барање, односно да изврши упис во Именикот на адвокатите.

(6) Формата и содржината на барањето од ставовите (1) и (5) на овој член ги пропишува министерот за правда.

(7) Кон барањето за упис во Именикот на адвокатите подносителот на барањето доставува и копија од барањето од ставот (1) на овој член.

(8) Надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, е должен во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (5) на овој член, да донесе решение со кое барањето за упис во Именикот на адвокатите е уважено или одбиено.

(9) Доколку надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, не донесе решение во рокот од ставот (8) на овој член, подносителот на барањето може да го извести Државниот управен инспекторат во рок од пет работни дена.

(10) Државниот управен инспекторат е должен во рок од десет дена од денот на приемот на известувањето од ставот (9) на овој член да изврши надзор во Адвокатската комора на Република Македонија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(11) Инспекторот од Државниот управен инспекторат по извршениот надзор согласно со закон донесува решение со кое го задолжува надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, во рок од десет дена да одлучи по поднесеното барање, односно да го уважи или одбие барањето и да го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање.

(12) Доколку надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, не одлучи во рокот од ставот (11) на овој член инспекторот ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, ќе одлучи по поднесеното барање за што во истиот рок ќе го извести инспекторот за донесениот акт. Кон известувањето се доставува копија од актот со кој одлучил по поднесеното барање. Инспекторот во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(13) Доколку надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, не одлучи и во дополнителниот рок од ставот (12) на овој член, инспекторот во рок од три работни дена ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител и во тој рок ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(14) Доколку инспекторот не постапи по известувањето од ставот (11) на овој член, подносителот на барањето во рок од пет работни дена има право да поднесе приговор до писарницата на директорот на Државниот управен инспекторат. Доколку директорот нема писарница, барањето се поднесува во писарницата на седиштето на Државниот управен инспекторат.

(15) Директорот на Државниот управен инспекторат е должен во рок од три работни дена да го разгледа приговорот од ставот (14) на овој член и доколку утврди дека инспекторот не постапил по известувањето од подносителот на барањето од ставовите (10) и (11 и/или не поднесе пријава согласно со ставовите (12) и (13) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка за прекршок утврден во Законот за управната инспекција за инспекторот и ќе определи дополнителен рок од пет работни дена во кој инспекторот ќе изврши надзор во

Адвокатската комора на Република Македонија дали е спроведена постапката согласно со закон и во рок од три работни дена од денот на извршениот надзор да го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(16) Доколку инспекторот не постапи и во дополнителниот рок од ставот (15) на овој член, директорот на Државниот управен инспекторат ќе поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител против инспекторот и во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето за преземените мерки.

(17) Во случајот од ставот (16) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат веднаш, а најдоцна во рок од еден работен ден, ќе овласти друг инспектор да го спроведе надзорот веднаш.

(18) Во случаите од ставот (17) на овој член директорот на Државниот управен инспекторат во рок од три работни дена ќе го информира подносителот на барањето.

(19) Доколку директорот на Државниот управен инспекторат не постапи согласно со ставот (15) на овој член, подносителот на барањето може да поднесе пријава до надлежниот јавен обвинител, во рок од осум работни дена.

(20) Доколку надлежениот орган на Адвокатската комора на Република Македонија, определен со акт на Адвокатската комора на Република Македонија, не одлучи во рокот од ставот (13) на овој член, подносителот на барањето може да поведе управен спор пред надлежниот суд.

(21) Постапката пред Управниот суд е итна.

**Член 37-е**

(1)Привременото или трајното одземање на лиценцата за работа на странскиот адвокат од страна на надлежниот орган во неговата земја членка во која тој го стекнал правото на вршење адвокатска дејност, доведува до одземање на правото на вршење адвокатска дејност и во Република Македонија.

(2) За барање да се покрене дисциплинска постапка против странски адвокат, кој е запишан во Именикот на странските адвокати, Дисциплинскиот обвинител на Адвокатската комора на Република Македонија ја известува професионалната организација во матичната држава на странскиот адвокат која му дала дозвола за вршење на адвокатска дејност во неговата матична држава и надлежниот орган во кој е запишан во својата матична држава.

(3) Дисциплинскиот суд на Адвокатската комора на Република Македонија е должен на надлежниот орган во матичната држава на странскиот адвокат да му овозможи да учествува во постапката со правна помош на адвокатот.

(4) Дисциплинската мерка привремено престанување на правото на вршење адвокатска дејност во траење до една година изречена на странскиот адвокат, се применува само во Република Македонија.

(5) Странскиот адвокат, кој е запишан во Именикот на странските адвокати, дисциплински е одговорен и му се изрекуваат дисциплински мерки согласно со овој закон.

(6) Во решението на Дисциплинскиот суд при Адвокатската комора на Република Македонија за изрекување на дисциплинска мерка, мора да се наведат причините за неговото донесување.

(7) Против решението од ставот (6) на овој член во рок од осум дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до надлежниот орган на Адвокатската комора на Република Македонија.

(8) Против конечното решение за изрекување на дисциплински мерки може да се поведе управен спор пред надлежен суд определен со закон.

**Глава II – б**

**Давање адвокатски услуги од странски адвокати и адвокатски друштва**

**Член 37 -ж**

Во случаите на одбрана или застапување во одредени предмети, странските адвокати и адвокатски друштва од членот 37-в на овој закон ќе имаат права и обврски еднакви со оние на адвокатите од Република Македонија и ќе ја користат титулата под која ја вршат адвокатската дејност во нивната земја членка, изразена на јазикот или на еден од јазиците на нивната земја членка, со назнака на професионалната организација што ги овластила да вршат практика или судот пред кој се овластени да вршат практика, во согласност со законодавството на земјата членка.

## III. ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ

**Член 38**

(1) Глоба во износ од 2.000 до 5.000 евра во денарска противвредност, за сторен прекршок, ќе се изрече на правно лице, ако на адвокатот во определениот рок не му ги даде податоците и документите потребни во вршењето на адвокатската дејност, согласно со членот 3-а став (1) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 500 до 1.000 евра во денарска противвредност, за сторен прекршок, ќе се изрече на физичко лице за дејствијата од ставот (1) на овој член.

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

(1) Статутот и другите општи акти на Адвокатската комора на Република Македонија ќе се усогласат со одредбите на овој закон во рок од 60 дена од денот на неговото влегување во сила.

(2) До донесувањето на прописите и другите акти чие донесување е утврдено со овој закон, ќе продолжат да се применуваат прописите и другите акти кои важеле до денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Одредбата од членот 12 став (1) алинеја 1 од овој закон во делот кој се однесува на државјаните на држава земја членка на Европската унија, членовите 34 став (2) точка 1 и 37 од овој закон во делот кој се однесува на Именикот на странските адвокати и Именикот на странските адвокатски друштва и членот 14 став (4) на овој закон ќе се применува по приемот на Република Македонија во Европската унија.

(4) До донесувањето на посебен закон со кој се уредува адвокатската маркичка, поднесокот од адвокатот задолжително треба да содржи само штембил.

(5) Адвокатскиот испит ќе почне да се спроведува најдоцна една година од влегувањето во сила на овој закон.

(6) Актите за спроведување на адвокатскиот испит ќе се донесат најдоцна шест месеца од влегувањето во сила на овој закон.

(7) Во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон, лицата кои имаат положено правосуден испит се запишуваат во Именикот на адвокатите, без полагање на адвокатскиот испит.

(8) Лицата кои имаат положено правосуден испит пред влегувањето во сила на овој закон, а се запишани во Именикот на адвокатите, ќе продолжат да ја вршат адвокатската дејност, без полагање на адвокатски испит.

**Член 39-а**

Одредбите од членот 18 ставови (3) и (4) ќе отпочнат да се применуваат во рок од шест месеца по издавање на адвокатската маркичка од надлежен државен орган, односно коморската маркичка од надлежен орган на Адвокатската комора на Република

Македонија.

**Член 40**

(1) Одредбите од членовите 6, 7, 8, 9, 10 и 11 на овој закон ќе се применуваат по истекот на шест месеци, а одредбите од членовите 12 и 13 на овој закон по истекот на една година од влегувањето во сила на овој закон.

(2) Адвокатите запишани во Именикот на адвокатите на Адвокатската комора на Република Македонија пред донесување на овој закон ги задржуваат стекнатите права, а усогласувањето на своето тековно работење, согласно со одредбите од овој закон се должни да направат во рок од една година од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 41**

Со денот на влегувањето во сила на овој закон, престанува да важи Законот за адвокатурата („Службен весник на Република Македонија" број 80/92).

**Член 44**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Закон за изменување и дополнување на Законот за адвокатурта („Службен весник на Република Макдонија“ број 113 од 12.09.2012 година**

**Член 17**

Адвокатската комора на Република Македонија ќе изготви листа на дежурни адвокати од членот 34 став (2) точка 10 од овој закон до денот на започнувањето на примената на Законот за кривичната постапка („Службен весник на Република Македонија” број 150/10).

Во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон, адвокатите и адвокатските друштва што се запишани во Именикот на адвокатите и во Именикот на адвокатските друштва кои се водат во Адвокатската комора на Република Македонија, се должни да достават до Адвокатската комора на Република Македонија полиса за осигурување од одговорност за штета.

**Член 18**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.